Совет на Општина Делчево
Број 09-142/2
30.01.2024 година
Делчево

ЗАПИСНИК
од одржаната 31.седница
на Советот на Општина Делчево

Седницата се одржа на на 30.01.2024 година, во Мултимедијалниот со почеток во 09:00 часот.

На седницата присуствуваа сите 15 членови на Совет.

Отсутни немаше.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Гоце Попов, претседател на Советот кој за 31.седница го предложи селдниот

Дневен ред

-Усвојување на Записник од 30.седница

1.Извештај за реализација на Програмата за комуникација со јавноста и промоција на Општина Делчево за 2023 година со Заклучок за усвојување;
2. Предлог-Програма за комуникација со јавноста и промоција на Општина Делчево за 2024 година со Заклучок за усвојување;
**Образлагач**: Даниела Такева-Советник за протокол на градоначалникот и односи со јавноста.
3.Извештај за реализација на Годишната програма за одбележување настани и културни манифестации за 2023 година со Заклучок за усвпјување;
**Образлагач**: Ванчо Новоселски-Советник за образование и култура.
4. Извештај за реализација на Програмата за социјална заштита на Општина Делчево за 2023 година со Заклучок за усвојување;
5. Предлог-Програма за социјална заштита на Општина Делчево за 2024 година;
**Образлагач**. Сузана Петровска-Советник за вработување и управување со информативен систем за човечки ресурси.
6. Предлог-Заклучок по барање на МЗ с.Тработивиште;
**Образлагач**: Гоце Попов-Претседател на Совет.
7.Предлог-Одлука за верификација на мандати на членови на Локален младински совет;
8.Предлог-Одлука за давање согласност на Статутот на Заедничко јавно претпријатие за регионално управување со отпад ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК Свети Николе;
9.Предлог-Одлука за утврдување на зони за процена на пазарна вредност на недвижен имот и утврдување на пазарна вредност на градежно и земјоделско земјиште според просечни цени на извршени купопродажби во предходната година на подрачјето на Општина Делчево;
**Образлагач**: По точките 8 и 9-Звонко Атанасов-Раководител на Сектор за урбанизам.
10. Предлог-Одлука по барање бр. УП1 21-18 од 22.01.2024 за финансиска поддршка на Ракометен клуб ДЕЛЧЕВО;
11.Предлог-Одлука по барање за спонзорство;
12. Предлог-Одлука по барање бр.09-48/1 од 09.01.2024 година;
13. Предлог-Одлука за еднократна парична помош по барање бр.УП 21-25 од 25.01.2024 година;
14. Предлог-Одлука за парична помош по барање на Кикбоксинг клубот „АС“ од Делчево;
15.Предлог- Решение за разрешување, именување и утврдување на членови на Управниот одбор на Општинска јавна установа за деца Детска градинка „ВЕСЕЛИ ЦВЕТОВИ“ Делчево;
**Образлагач**: Гоце Попов-Претседател на Совет.

16. Предлог-Одлука за ревидирање и проширување на членовите на Штабот за заштита и спасување на општина Делчево;
Образлагач: Татјана Стојковска-Виш соработник за заштита на ЖС.
17. Прашања и предлози на членови на Совет.
18. Предлог-Одлука за престанок на мандат на член на Советот на Општина Делчево.

Претседателот отвори расправа по предложениот дневен ред.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а дневниот ред беше ставен на гласање.

Истиот беше усвоен со 15 гласа „ЗА“.

Претседателот отвори расправа по Записникот од 30.седница.

За збор се јави Тони Стаменковски кој рече дека има забелешка, станува збор за техничка грешка во врска со точката со реден број 14. Буџет на Општина Делчево за 2024.

Имено наместо 8 гласа „ЗА“ и 7 „ПРОТИВ“ како што стои во Записникот треба да биде 8 „ЗА”, 6 „ПРОТИВ“ и 1 „ВОЗДРЖАН”.

Претседателот на Советот истакна дека се работи за техничка грешка и бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата беше затворена, а Записникот ставен на гласање.

Истиот со забелешката, беше усвоен со 15 гласа „ЗА“.

Прва точка-Извештај за реализација на Програмата за комуникација со јавноста и промоција на Општина Делчево за 2023 година со Заклучок за усвојување;

Оваа точка ја образложи Даниела Такева која истакна дека пред советниците е Извештајот за реализација на Програмата за комуникација со јавноста и промоција на Општина Делчево за 2023 година. Основната функција на Програмата за промоција и комуникација со јавноста е да ги определи начините на пренесување и видот на информациите за работата на Единицата на локалната самоуправа внатре и надвор од неа.

Таа истакна дека Програмата ја спроведувала општинската администрација во координација со лицето одговорно за односи со јавноста, под раководство на градоначалникот на Општината и истата претставува флексибилен документ кој континуирано ќе се развива врз основа на искуствата и потребите. Во продолежение таа истакна дека Општина Делчево се наоѓа на високото 6 место од сите 98 институции, (Владата, министерствата и општините) по исполнување на обврските за активна транспарентност за 2023 година.Ова го покажува Индексот на активна транспарентност од Центарот за граѓански комуникации во редовното годишно рангирање на институциите, односно според проактивното објавување информации од јавен карактер во кое се вклучени 98 институции, односно Владата и сите министерства и општини.Активната транспарентност на Општина Делчево во 2023 година изнесува 97,1 % (од можни 100 %) со што Општината се наоѓа во групата институции со ’многу добра‘ активна транспарентност (исполнување на обврските од 80 % до 100 %). Со овие бодови, општината се наоѓа на 6-та позиција од вкупно 98 рангирани институции или трета општина во Република Северна Македонија, додека првото место во ИПР го дели со општините Берово и Кочани.Овие податоци докажуваат дека Општина Делчево четврта година по ред одржува високо ниво на активна транспарентност и веќе 4 години е меѓу институциите со многу добра активна транспарентност, за разлика од претходниот период кога Општината имаше просечна транспарентност.Просечната активна транспарентност на Владата, министерствата и на општините за 2023 година изнесува 76% (од максимално можни 100%) и во однос на лани е подобрена само за 3 процентни поени. Активната транспарентност на министерствата и Владата изнесува 86%, а на општините 74%. За разлика од лани, министерствата се подобриле за помалку од еден процент, додека општините се подобриле за 4%.

На крајот рече дека заложбите и трудот вложени во оваа област претходните години, станале видливи и ги донеле првите позитивни резултати во 2019 г. етаблирајќи ја Општина Делчево на првите позиции по транспарентност, односно оценувајќи ја со оценка ‘многу добар’ во конкуренција со сите општини и институции во државата. Овој тренд се одржува последните четири години. Доколку имате прашања, повелете, рече таа.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Оливера Ташевска која праша зошто градоначалникот на општина Делчево не одговара на прашања што советниците или граѓаните ги поставуваат до него на социјални медиуми, прес конференции и слично?

Даниела Такева рече дека тоа прашање не се однесува на Извештајот и е прашање на лична проценка и волја на градоначалникот. Тој сам си одлучува дали ќе даде одговор или не.

Сашко Ивановски праша дали општина Делчево има преземено нешто за изработка на репрезентативен и промотивен материјал, брошури, флаери, туристички мапи, разгледници и слично и што презема општината за промоција на Делчево како туристичка и бизнис дестинација?

Даниела Такева рече дека Програмата за комуникација со јавноста и промоција на Општина Делчево ги обединува сите одделенија и сектори во општината. Во соработка со многу невладини организации и други наши и меѓународни институции се реализираат повеќе проекти од разни области и се изработуваат рекламни флаери, промотивни видеа, покании за разни манифестации и настани. Исто така отпечатен е и Очетот за работата на градоначалникот, рече таа.

Сашко Ивановски рече дека неговото прашање било дали се планира во иднина да се преземе нешто од страна на Општина Делчево за промоција, како туристичка дестинација на Голак и на други атрактивни локалитети, дали ќе се преземе нешто за развој на туризмот во општината?

Даниела Такева рече дека се планира, но во претходната година за која се однесува извштајот не се потрошени средства за таа намена.

Иван Гоцевски рече дека Советот на општина Делчево е орган на Општината исто како и Градоначалникот, а советниците се избрани од граѓаните, исто како што е избран и градоначалникот. Тој праша дали општинската администрација и градоначалникот имаат доделено било каков промотивен материјал на членовите на Советот за промоција на општината и ако не е доделен зошто не е доделен?

Даниела Таквеа рече дека сите советнци можат да учествуваат во промоција на општината со свои идеи и предлози, Општината и градоначалникот се отворени за соработка.

Иван Гоцевски рече дека градоначалникот и дел од општинската администрација немаат добра комуникација, а некои и никаква со Советот на Општината и советниците и тоа во иднина треба да се подобри.

Марјанчо Велиновски праша зошто градоначалникот на општина Делчево нема примен ден за странки и граѓани?

Даниела Такева рече дека градоначалникот секојдневно ги прима граѓаните во просториите на општината.

Иван Гоцевски праша зошто во „најтранспарентната“ општина во наводници се влегува само со електронска картичка и што е тоа што градоначалникот „транспарентно“ го крие од јавноста и граѓаните на општина Делчево.? На колку меѓународни настани учествувала или е промовирана Општина Делчево од страна на градоначалникот имајќи ги предвид неговите посети и патувања во повеќе европски земји?

Даниела Такева рече дека општина Делчево е транспарентна општина и не е во наводници. Тоа се факти од релевантни институци. Градоначалникот редовно дава изјави и соопштенија во врска со некои проекти и патувања во странство, а исто така и колеги од администрацијата ја информираат јавноста за проекти и настани поврзани со нивниот делокруг на работа. Пред некој ден колешката Татјана Стојковска имала настап на Македонско радио во врска со проектот за бесплатно преземање електричен и електронски отпад од домовите на граѓаните на Делчево, истакна Д.Такева.

Иван Гоцевски праша зошто во извештајот на „една од најтранспаретните“ општини не се наведени вкупниот број на поставени советнички прашања до градоначалникот и бројот на одговорените прашања во 2023 година, а Општината го има тој податок?

Сашко Ивановски констатираше дека и покрај честите патувања на градоначалникот во повеќе европски земји Општина Делчево не е промовирана никаде, на ниту еден настан.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за бзор, расправата по оваа точка беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА“ и 7 „ВОЗДРЖАНИ“, Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за комуникација со јавноста и промоција на Општина Делчево за 2023 година.

Втора точка-Предлог-Програма за комуникација со јавноста и промоција на Општина Делчево за 2024 година со Заклучок за усвојување;

Образлагач и по оваа точка беше Даниела Такева-Советник за протокол на градоначалникот и односи со јавноста која истакна дека Програмата за комуникација претставува рамка во која се предвидуваат активности насочени кон одржување редовна и навремена комуникација со јавноста за подобрување на информираноста за работењето на Општината и за сите други прашања од интерес на жените и мажите, девојчињата и момчињата во Општина Делчево. Основната функција на Програмата за промоција и комуникација со јавноста е да ги определи начините на пренесување и видот на информациите за работата на Единицата на локалната самоуправа внатре и надвор од неа. Програмата ги дефинира активностите и алатките со кои тие ќе се спроведат. Таа опфаќа и мерки за постојано ажурирање и подобрување. За спроведување на Програмата ќе се користат расположливите човечки и финансиски ресурси. Во насока на унапредување на комуникацијата, за одредени активности ќе се користат и дополнителни ресурси.

Програмата ќе ја спроведува општинската администрација во координација со лицето одговорно за односи со јавноста, под раководство на градоначалникот на Општината. По потреба, Програмата ќе се ажурира, во насока на подобрување на нејзиното остварување.

Обврската на Општина Делчево за информирање на јавноста произлегува од членот 8 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник“ на РМ бр 5/2002), како и одредби во Законот за буџетите, Законот за јавен долг, Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа, Законот за еднакви можности на жените („Сл. весник“ бр. 201/15), Стратегија за транспарентност на Владата 2023/2026 и др., како и Глава VIII Информирање на граѓаните и слободен пристап до информации од јавен карактер (член 109 до 118 ) од Статутот на Општина Делчево (број 07-2791/1 од 2013). Оваа Програма се повикува и на новата Стратегија за родова еднаквост 2023/2026 на Општина Делчево, усвоена на Советот на Општина Делчево, истакна Д.Такева.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Иван Гоцевски кој рече дека општина Делчево била една од ретките оппштини во која неколку години по ред не се спроведувале буџетски форуми и дека ставот дека таа е отворена општина за граѓаните и дека предлозите на граѓаните и советниците се добродојдени се декларативни и политички став.

Даниела Такева рече дека буџетските форуми во општина Делчево се спроведувале дури и за време на пандемијата со корона вирусот, а во 2023 година биле спроведени 3 форумски сесии со помош на Регионалниот центар за застапување.

Иван Гоцевски рече дека Општина Делчево нема соработка и со месните и урбаните заедници преку кои се слуша гласот на граѓаните и доколку Општина Делчево сака да има соработка со нив треба да им ги врати печатите кои им биле одземени.

Даниела Такева рече дека општина Делчево ниту земала ниту ќе враќа печати на месните и урбаните заедници. За тоаа има закон и тие печати се одземени согласно законските одредби и така е секаде, во сите општини.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА“ и 7 „ВОЗДРЖАНИ“, Советот на Општина Делчево ја донесе Програмата за комуникација со јавноста и промоција на Општина Делчево за 2024 година.

**Трета точка-Извештај за реализација на Годишната програма за одбележување настани и културни манифестации за 2023 година со Заклучок за усвпјување;**

Образлагач по оваа точка беше Ванчо Новоселски-Советник за образование и култура кој истакна дека извештајот е реализација на Годишната програма за одбележување настани и културни манифестации за 2023 година која е донесена од страна на Советот на 18.седница. Оваа Програма е петта година по ред Програма донесена од Советот на Општината во која се предвидени настани и манифестации, дефинирани со календар и со предвидени активности. Исто така, во Програмата се предвидени и финансиски средства потребни за реализацијата на активностите.

Усвојувањето на Програмата која ја третира областа култура, значи сериозен пристап на Општина Делчево на темата култура, плански распоред на ресурсите и навремена подготовка на настаните за остварување на целите. Тој ги презентираше сите настани кои биле одбележани и истакна дека неколку од нив не биле одбележани од оправдани причини и надворешни влијанија. Доколку има прашања, повелете, рече тој.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Зекир Абдулов кој рече дека реагирал неколку пати досега во врска со 8 Април меѓународниот ден на Ромите, односно неговото одбележување и праша зошто во извешатајот тој настан не е ставен?

Ванчо Новоселски рече дека Општина Делчево го одбележува 8 Април секоја година и советникот го знае тоа. Зошто го нема во извештајот, сигурно е некој пропуст, не ми е познато, рече тој.

Оливера Ташевска рече дека таа и многу жители од с.Разловци имаат забелешка на датумот на одбележувањето на Разловечкото востание оваа година. Имено, луѓето реагирале зошто толку доцна се одбележува тој настан?

Ванчо Новоселски рече дека оваа година одбележувањето на годишнината било подоцна од оправдани причини и важно е настанот да не се заборави. Инаку, забелешките на советничката и на жителите се оправдани.Општината ќе се потруди во иднина одбележувањето на оваа годишнина да биде во периодот кој е предвиден со оваа Програма.

Тони Стаменковски имаше забелешка за Голачките фолклорни средби и истакна дека тие долги години назад се одржувале на планината Голак кога многу наши сограѓани и граѓани на соседните општини го посетуваат Голак и местото пред манастирот каде што се одржуваат голачките средби. Сите тие години од 1995 до денес, не е регистриран ниту еден инцидент или пожар и не е во ред да се одржуваат на летната сцена. Тој праша дали Општина Делчево планира оваа година Голачките фолклорни средби да ги одржува на Голак?

Ванчо Новоселски рече дека оваа година ГФС биле одржани на летната сцена од причини што пред 2 години на подрачјето на нашата општина избувнал пожар од големи размери при што била опожарена голема површина и причинета огромна штета на шумскиот фонд. На ГФС секогаш има голем број на посетители меѓу кои и луѓе во алкохолизирана состојба и постои потенцијална опасност од избувнување на пожари.

Тони Стаменковски рече дека на Голак никогаш немало проблеми од таков вид и не е во ред да се обвинуваат луѓето дека би можеле да предизвикаат пожари, што се однесува до пожарот на планината Средна, тој е подметнат намерно, но не од луѓе во алкохолизирана состојба, но тоа не е тема на дневен ред. Што се однесува до ГФС, сметам дека тие треба да се одржуваат на планината Голак, рече тој.

Иван Гоцевски рече дека предлогот на Т.Стаменковски е добар- ГФС треба да се одржуваат на планината Голак. Луѓето кои го посетуваат Голак за време на ГФС одат таму да ја гледаат програмата и настапите на културно-уметничките друштва, да се прошетаат, да се видат со други луѓе, да разменат мислење, а не да се опиваат. Голачките фолклорни средби се манифестација која на некој начин е симбол на нашиот град, ако веќе ги немаме Гоцевите денови по кои бевме препознатливи и во светски рамки, треба да ја унапредуваме оваа манифестација, а не да ја одржуваме само колку да се одржи. Тој постави едно прашање до образлагачот на

точката во врска со тоа каква „пригодна“ свеченост била одржана по повод 23 Октомври – Денот на македонската револуционерна борба и зошто градоначаликот на Општина Делчево не присуствува на полагањето цвеќе на овој празник?

Ванчо Новоселски рече дека второто прашање треба да се постави до градоначалникот и тој да даде одговор, а што се однесува до првото-каква пригодна свеченост била одржана по повод 23 Октомври, тој рече дека и овој празник се одбележал како и сите други, со читање реферат, литературни творби и полагање букети свежо цвеќе пред споменикот на Гоце Делчев. Тој истакна дека без пари не се прави ништо и дека одбележувањето на сите настани биле во рамките на финансиите планирани во Програмата.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена, а точката беше ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА“ и 7 „ВОЗДРЖАНИ“, Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Годишната програма за одбележување настани и културни манифестации за 2023 година.

**Четврта точка-Извештај за реализација на Програмата за социјална заштита на Општина Делчево за 2023 година со Заклучок за усвојување**;

Оваа точка ја образложи Сузана Петровска-Советник за вработување и управување со информативен систем за човечки ресурси која истакна дека овој Извештај се однесува на реализацијата на Програмата за социјална заштита за 2023 година. На почетокот е дадена појдовната основа за донесување на Програмата, Основните акценти при изработката на извештајот, краток опис на Методологијата, потоа опфат, корисници, чинители. Бидејќи извештајот ви е доставен, ако имате прашања, повелете, рече таа.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Иван Гоцевски кој имаше една истакна дека Извештајот е добро изготвен.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“ и 1 „ВОЗДРЖАН“, Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за социјална заштита на Општина Делчево за 2023 година.

**Петта точка- Предлог-Програма за социјална заштита на Општина Делчево за 2024 година;**

Образлагач и по оваа точка Сузана Петровска-Советник за вработување и управување со информативен систем за човечки ресурси која рече дека програмата е слична како ланската освен што во оваа за 2024 година како активност е вклучено мапирање на лицата со попреченост. На почетокот се даддени основните податоци за општина Делчево, потоа следува воведниот дел во кој се истакнти законските и појдовните основи за изготвување на оваа Програма. Од аспект на надлежноста на единиците на локалната самоуправа во областа на здравствената, социјалната заштита и заштитата на децата, од особена важност е Законот за Локалната самоуправа каде во член 22 (став 7), општините помеѓу другото, се надлежни и за Социјална заштита и заштита на деца, а согласно член 22 (став 9) произлегува надлежноста на општината од областа на здравствената заштита. Целта на оваа Програма е развој на интегриран, транспарентен и одржлив систем на здравствена, социјална заштита и заштита на децата, кој ќе обезбеди достапни, ефикасни и квалитетни мерки и услуги креирани според потребите на корисникот. Исто така, таа истакна дека во планирањето на здравствената, социјалната заштита и заштитата на децата на локално ниво свое значење има и Националната програма за развој на социјалната заштита и Социјалниот план на Општина Делчево за 2023-2025 година, донесен на седница на Советот за социјална заштита на Општина Делчево на 19.07.2022 година. Општа цел на Програмата е развој на интегриран, транспарентен и одржлив систем на социјална заштита кој ќе обезбеди достапни, ефикасни и квалитетни мерки и услуги креирани според потребите на граѓаните вклучително на потребите и на жените и на мажите во Општина Делчево. Специфични цели на програмата се: Остварување на социјална заштита на лица/семејства во социјален ризик, маргинализирани групи , лица/семејства погодени од несреќи и други елементарни непогоди и лица со посебни

потреби; Развој на социјални мерки за невработените лица кои тешко се снаоѓаат на пазарот на трудот;Обезбедување на помош и грижа за децата, учениците и студентите; Обезбедување мерки и услуги за старите лица и Промовирање на нови социјални услуги. На крајот на Програма има и Акциски план за нејзино спроведување и финансиска конструкција. За реализација на оваа програма се предвидени 5.689.000 денари од кои 4.018.000 денари.

Претседателот отвори расправа по точката,

За збор се јави Сашко Ивановски кој истакна дека Програмата е солидно изготвена и имаше прашање до образлагачот во врска со тоа дали Општина Делчево размислувала како социјална мерка да се воведе бесплатна униформа за учениците во основните и средното училиште и дали има таква волја од страна на Општина Делчево.

Сузана Петровска рече дека во отсуство на Програма за образование голем дел од активностите и мерките од областа на образованието се ставени во оваа Програма. Вашиот предлог е добар и јас ќе го предложам до градоначалникот, во повеќе општини во Македонија ученичките униформи се обврска на самите општини. Таа напомена дека за многу мерки кои Општината ги предлага во областа на образованието едноставно нема интерес, не се пријавуваат ученици или студенти и може средствата кои биле планирани за таа намена, да се наменат за набавка на униформи.

Иван Гоцевски рече дека ученичките униформи во СОУ „М.М.Брицо“ се на товар на родителите кои платиле над 30 евра за униформа на своето дете. Проблем е тоа што веќе никој не ги носи тие униформи односно учениците немаат обврска за тоа со што се губи смислата на униформата. Ако учениците нмаат обврска од страна на гимназијата да ги носат униформите, тогаш се поставува логично прашања-зошто беа набавени тие униформи на начин н кој беа набавени и кој го наметна тоа, праша тој?

Јасмина Ќурчиска рече дека Советот на родители бил иницијатор за воведување на униформите, а од оваа година учениците од прва година ќе добијат униформи кои ќе бидат финансирани од СОУ „М.М.Брицо“.

Иван Гоцевски предложи Советот на родители да даде предлог текстилната насока да ги изработи униформите за учениците од прва година.

Тони Стаменковски смета дека 650.000 денари кои се планирани со оваа Програма за помош на социјално ранливи семејства се малку и треба да се предвидат повеќе средства, затоа тој предложил дополнителни 300.000 денари за оваа намена. Од Програмата може да се види дека сите тие средства се всушност хуманитарни пакети обезбедени од спонзори што значи дека Општина Делчево издвојува „нула“ денари за социјална помош што е апсурд.

Сузана Петровска рече дека секогаш во оваа Програма проблем се финансиските средства, односно недостатокот на средства и рече дека Општината не е хуманитарна организација за да доделува хуманитарни пакети, за тоа има НВО-сектор, Црвен крст, бизнис сектор. Според мене тоа е најнепопуларна социјална мерка. Ако имаме средства како општина и сакаме да помогнеме на социјално ранливите категории, треба средствата да ги префрлиме на НВО-и, Црвен крст па и на Центарот за социјални работи и тие да ги наменат кај целните групи. Според мене, Општината не треба да дели хуманирани пакети, истакна С.Петровска.

Претседателот на Советот Гоце Попов ја праша дали ова нејзино мислење таа го пренела на надлежните во Општината?

С.Петровска рече дека секако ќе го пренесе.

Тони Стаменковски рече дека во Програма убаво е напишано дека голем дел семејства се на работ на егзистенцијата и дека се соочуваат со многу проблеми. Општина Делчево треба да учествува со свои средства ако вистински сака да им помогне на тие луѓе, а не да се сликаат по социјалните мрежи делејќи хуманитарни пакети кои се обезбедени од разни спонзори и донатори.

Сузана Петровска рече дека се согласува дека општината треба да издвојува повеќе сопствени средства за социјална помош. За еднократна парична помош биле предвидени 650.000, а се потрошени повеќе, рече таа.

Сунчица Ѓорѓиева рече дека во делот на Социјалната заштита во Програмата е наведено дека на подрачјето на нашата општина живеат околу 182 стари изнемоштени лица ( 102 жени и 80 мажи), кои живеат сами од разни причини: немаат блиски роднини, децата заминале да работат во друг град или во странство. 66 постари лица се без семејна грижа (39 жени и 27 мажи) а 18 од нив се без никакви примања (7 жени и 11 мажи). Бројките се резултат на масовното иселување на младите од општината, по што во многу семејства се останати само стари, болни и изнемоштени лица, кои не можат за себе да си обезбедат основна социјална и здравствена грижа или неможат сами да ги обавувват основните потреби. Таа рече дека популацијата во нашиот Истоечен регион се повеќе старее и се поголема станува од потребата на домови за стари лица, таа исто така истакна дека е за поздравување идејата за отварање на приватен Дом за стари лица, но реално ќе има голема потреба и затоа треба и Општината да се заангажира за орварње на Дом за стари лица.

Сузана Петровска рече дека се согласува со излагањето на советничката и потенцираше дека општината има законска обрвска за заштитата на старите лица.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Програмата за социјална заштита на Општина Делчево за 2024 година.

**Шеста точка-Предлог-Заклучок по барање на МЗ с.Тработивиште;**

Образлагач по оваа точка беше претседателот на Советот, Гоце Попов кој рече дека до него како претседател на Советот е доставено барање од МЗ во с.Тработивиште со кое мештаните бараат да се реши проблемот со азбестните цевки во с. Тработивиште. Имено тие бараат во с.Тработивиште да се заменат еден дел од цевките кои се уште се од азбест. Тој го прочита и Барањето од МЗ како и предлог-заклучокот кој е доставен до советниците.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата по оваа точка беше затворена, а Предлог-Заклучокот беше ставен на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево го донесе Заклучокот по барање на МЗ с.Тработивиште.

**Седма точка-Предлог-Одлука за верификација на мандати на членови на Локален младински совет;**

Во отсуство на образлагач по оваа точка, претседателот на Советот рече дека материјалот, одлуката е доставена и отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа„ЗА“ и 1 член на Советот, не гласал, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за верификација на мандати на членови на Локален младински совет.

**Осма точка-Предлог-Одлука за давање согласност на Статутот на Заедничко јавно претпријатие за регионално управување со отпад ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК Свети Николе;**

Оваа точка ја образложи Звонко Атанасов кој рече дека на последната седница на Управниот одбор на Заедничкото јавно претпријатие за регионално управување со отпад ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК Свети Николе бил донесен Статутот на тоа претпријатие. Денес, на дневен

ред е Одлука за давање согласност на тој Статут и тоа би требало да го направат сите општини од регионот. Што се однесува до самиот Статут, тој истакна дека е изготвен од страна на стручни лица-правници и тој не е стручен истиот да го коментира бидејќи по професија е инженер.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата по оваа точа беше затворена, а точката беше ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА", 1 „ПРОТИВ" и 6 „ВОЗДРЖАНИ", Одлуката беше донесена.

**Деветта точка-Предлог-Одлука за утврдување на зони за процена на пазарна вредност на недвижен имот и утврдување на пазарна вредност на градежно и земјоделско земјиште според просечни цени на извршени купопродажби во предходната година на подрачјето на Општина Делчево**.

Образлагач и по оваа точка беше Звонко Атанасов-Раководител на Сектор за урбанизам кој рече дека оваа одлука се донесува секоја година и тоа е законска обврска на Општината. Инаку, со оваа одлука се определуваат зони за процена на пазарна вредност на недвижен имот и пазарна вредност на градежно и земјоделско земјиште според просечни цени на извршени купопродажби во претходната година на подрачјето на Општина Делчево. Тој истакна дека одлуката е иста како ланската, нема потреба промени од причини што проценките што ги вршат тие се во рамките на пазарните вредности за даникот на имот и данокот на промет. Одлуката е рамка во која секоја општина треба да се движи при утврдувањето на проценката. Во однос на цените на градежното земјиште тој истакна дека имаат сознанија дека има минимално зголемување во однос на утврдените. Исто така тој истакна дека ќе има промени на Методологијата за процена која се користи од 2005 година и има потреба од ажурирање на податоците за целата општина, тоа е долготраен и малце комплициран процес. Тој истакна дека проценките на надворешните проценители за експропријација се секогаш повисоки во однос на проценките на нашите проценители. Порано за експропријација се плаќало по 300 денари/м2 , а сега веќе по 20 евра/м2. Доколку се зголемат цените во оваа одлука, ќе се зголемат и цените од страна на проценителите и на тој начин тоа ќе биде на штета на општината бидејќи средствата кои се прибираат по основ на данок на промет ќе бидат помали од средствата кои ние како општина треба да ги плаќаме на луѓето за експропријација на земјиште. Исто така треба да с епочека да се смени Методологијата и да се ажурираат податоците за цела општина, рече тој.

Претседателот отвори расправа по точката, за збор се јави Тони Стаменковски кој праша како може да се утврди цена од 15 евра/$м^2$ за локалитет Голак кој се уште не е урбанизиран, односно чиј урбанистички план е спорен?

Звонко Атанасов рече за Голак има урбанистички план, цената од 15 евра/м2 е утврдена врз основа на насоки од едно советување кои се однесуваат на туристичките локалитети и според кои општината со оваа одлука треба да утврди цена и за туристичките локалитети. Општина Делчево не се откажала од Голак како туристички локалитет, но направена е пропуст уште во 2004/2005 година. Од страна на градоначалникот е формирана комисија од правници кои треба да изнајдат решение, да се направи пренамена на земјиштето, исто така градоначалникот прифатил да се направи проценка и да се плати шумата која не е платена во претходната постапка за урбанизација на Голак , а сето тоа за да може да заживее Голак како туристички локалитет. Урбанистичкиот план за Голак не е затворен, не е поништен, има одредени пропусти заради кои Јавниот правобранител ги блокира сопствениците на локациите на Голак.

Сашко Ивановски рече дека на Голак не се регулирани имотно-правните односи на сопдтвениците на локациите или парцелите но сепак плаќаат данок на имот на Општината. Тие како советничка група имале поставено прашање-зошто сопствениците на локации на Голак се задолжуваат со данок на имот кога се уште не им е дозволено да градат и побара одговор и од образлагачот на точката.

Звонко Атанасов рече дека колку што му е познато грешката е исправена односно сопствениците на локациите на Голак повеќе не се задолжуваат со данок на имот., дури мизли дека е направен поврат и на веќе платените средства по основ на данок на имот, но го упати советникот поточни информации да побараат од Секторот за финансии.

Иван Гоцевски праша зошто на некои сопственици на парцели на Голак име дозволено да градат, а на некои не, дали и кога Општината ќе го реши овој проблем?

Звонко Атанасов рече дека за 5 сопственици на локации на Голак Општината има издадено одобренија за градење и сите имаат извадено имотни листови, после тоа Јавниот правобранител Кочани го блокира тоа, договорите не им се солемнизирани од страна на нотарите и затоа Општината не издава одобренија за градење . Со овој проблем е запознаена и Владата, формирана е комисија од страна на Владата, составена од претставници на Министерството за транспорт и врски, Министерството за финансии и други институции се со цел да се реши овој проблем. Голема штета е тоа што се случи така, но еве се уште нема некое решение на проблемот. Од страна на градоначалникот се преземаат сите мерки за решавање на овој проблем за заживување на Голак.

Иван Гоцевски праша дали се планира со некој нов урбанистички план да се зафати поголем простор од Голак, делот накај М.каменица и Виница ?

Звонко Атанасов рече дека со овој план тој дел не е опфатен, но може да се опфати со друг урбанистички план, кој би ги добил сите согласности од сите релевантни институции за да не се случи пак некој да спори нешто или да стопира, воопшто не е спорно да се иницира една ваква урбанизациј. Дури и приватни лица/инвеститори можат да иницираат урбанизација, дали на приватно или државно земјиште, може, затоа што навистина има голем интерес, Во фаза на изработка е и Проект за водоснабдување на Голак со што уште повеќе се зголемува атрактивноста на Голак и интересот кај граѓаните, ќе правиме напори како општина да го средуваме некако,рече тој

Бидејќи никој дуг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“ и 1 „ВОЗДРЖАН“, Советот на Општина Делчево ја донесе **Одлуката за утврдување на зони за процена на пазарна вредност на недвижен имот и утврдување на пазарна вредност на градежно и земјоделско земјиште според просечни цени на извршени купопродажби во предходната година на подрачјето на Општина Делчево**.

**Десетта точка-Предлог-Одлука по барање бр. УП1 21-18 од 22.01.2024 за финансиска поддршка на Ракометен клуб ДЕЛЧЕВО;**

Оваа точка ја образложи претседателот на Советот, Гоце Попов која го прочита барањето од РК Делчево доставено до Советот на Општина Делчево и предложи 15.000 денари.

Беше отворена расправа по оваа точка.

За збор се јави Сашко Ивановски кој рече дека во самата одлука има техничка грешка во сметката, што беше прифатено и коригирано и појасни дека на овој натпевар ќе одат и ученици и наставници, па предложи сумата да биде повисока.

Претседателот на Советот рече дека и тој се залага за финансиска поддршка на сите спортски клубови и сумата да биде повисока за РК Делчево, но рече дека има проблем со исплатата на средствата. Има одлука на Совет на 200.000 денари з аеден спортски клуб, а Општината нема исплатено ниту денар. Во месец март ќе има повик и тогаш имаат право да учествуваат за поголема сума, рече тој.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата по оваа точка беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката по барање бр. УП1 21-18 од 22.01.2024 за финансиска поддршка на Ракометен клуб ДЕЛЧЕВО.

Единаесетта точка-Предлог-Одлука по барање за спонзорство;

И оваа точка ја образложи претседателот на Советот кој истакна дека до Советот е доставено барање од од Меѓуопштинско здружение на цивилните инвалиди од војната Штип, со кое бараат средства во висина од 5.000 денари кои ќе бидат наменети за реализација на дел од активностите предвидени во Програмата на здружението која е доставена во прилог на Барањето. Такво барање имаат доставено до сите совети на општини во нашиот регион.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката по барање за спонзорство.

Дванаесетта точка-Предлог-Одлука по барање бр.09-48/1 од 09.01.2024 година;

Во врска со оваа точка претседателот на Советот истакна дека од наша сограѓанка има доставено барање за финаниска поддршка за нејзино учество во искачување на врвот Килиманџаро и промоција на општина Делчео. Бидејќи таа нема здружение и не е е член на некој спортски клуб, не може да учествува на повикот и од тие причини бара поддршка од Советот на Општина Делчево.

За таа цел тој предложи сума од 15.000 денари.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката по барање бр.09-48/1 од 09.01.2024 година.

Тринаесетта точка-Предлог-Одлука за еднократна парична помош по барање бр.УП 21-25 од 25.01.2024 година;

И оваа точка ја образложи претседателот на Советот кој истакна дека до Советот на Општината е доставено барање во кое се бара финасиска поддршка од Советот за семејство кое е во лоша финансиска состојба и предложи 15.000 денари.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за еднократна парична помош по барање бр.УП 21-25 од 25.01.2024 година.

Четиринаесетта точка- Предлог-Одлука за парична помош по барање на Кикбоксинг клубот „АС“ од Делчево;

И оваа точка ја образложи Гоце Попов, претседател на Советот кој рече дека до Советот има доставено барање од Кикбоксинг клубот „АС“ од Делчево за финансиска поддршка на клубот. Тие бараат 22.500 денари, а средствата ќе бидат наменети за покривање на трошоци за годишна такса на кик боксинг федерацијата. Тој истакна дека доколку Советот ги одобри тие средства, клубот нема да учествува на јавниот повик.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за парична помош по барање на Кикбоксинг клубот „АС“ од Делчево.

Петнаесетта точка-Предлог- Решение за разрешување, именување и утврдување на членови на Управниот одбор на Општинска јавна установа за деца Детска градинка „ВЕСЕЛИ ЦВЕТОВИ“ Делчево;

Образлагач и по оваа точка беше Гоце Попов-Претседател на Совет и претседател на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања. Тој истакна дека ОЈУДГ „Весели Цветови“ има поднесено барање до Советот за разрешување, именување и утврдување на членови на УО на оваа институција. Со ова Решение Тони Вангеловски се разрешува од функцијата член на Управниот одбор на Општинска јавна установа за деца - Детска градинка „ВЕСЕЛИ ЦВЕТОВИ“

Делчево, како претставник на основачот, а на негово место се именува Снежана Трајкова за член на Управниот одбор на Општинска јавна установа за деца - Детска градинка „ВЕСЕЛИ ЦВЕТОВИ“ Делчево, како претставник на основачот.Исто така се утврдува Ивана Давитковска за член на Управниот одбор на Општинска јавна установа за деца - Детска градинка „ВЕСЕЛИ ЦВЕТОВИ“ Делчево, како претставник од редот на вработените.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

За збор се јави Кирил Тренчевски кој рече дека СДСМ и коалицијата даваат поддршка на Снежана Трајкова како претставник на основачот во УО на Детската градинка.

Иван Гоцевски рече дека и тие даваат поддршка на предлогот за член на УО од основачот и праша зошто како претставик од редот на вработените во градинката не е некој од воспитно-образованиот кадар како што била праксата досега?

Претседателот на Советот рече дека нема законска пречка ниту одредба дека членот во УО на градинката од редот на вработените мора да биде од воспитно-образовниот кадар.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево го донесе **Решението за разрешување, именување и утврдување на членови на Управниот одбор на Општинска јавна установа за деца Детска градинка „ВЕСЕЛИ ЦВЕТОВИ“ Делчево**.

**Шеснаесетта точка-Предлог-Одлука за ревидирање и проширување на членовите на Штабот за заштита и спасување на општина Делчево;**

Образлагач по оваа точка беше Татјана Стојковска-Виш соработник за заштита на ЖС која рече дека оваа одлука се донесува врз основа на член 34 и 35 од законот за Заштита и спасување и член 15 став 10 од Статутот на општина Делчево. Во самата одлука ги има наведено сите членови со кои се проширува овој Штаб.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за ревидирање и проширување на членовите на Штабот за заштита и спасување на општина Делчево.

**Седумнаесетта точка-Прашања и предлози на членови на Совет.**

По оваа точка за збор се јавија:

**Иван Гоцевски, до Градоначалникот на општина Делчево**

1. Дали Градоначалникот на Општина Делчево има сознанија дека средствата за користење на спортската сала,за месец декември 2023 и месец јануари 2024, во СОУ „М.М.Брицо, средствата се наплаќаат на рака и ако тоа е точно зошто е така?

2. Дали градоначалникот на општина Делчево смета дека со новогодишното украсување и потрошените средства за таа намена, усепал барем малку да го врати „сјајот“ на и таја иселеното и празно Делчево?

**Иван Гоцевски, до Секторот за финансии**

1. Колку средства се потрошени за новогодишното украсување на градот Делчево?

**Иван Гоцевски, до директорот на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево**

1. Дали е точно дека трите дечиња од с.Илијово кои имаа проблем со превозот се отпишале од ООУ „Ванчо Прке“-Делчево и се запишале во училиште во една соседна општина?

**Иван Гоцевски, до директорот на СОУ „М.М.Брицо“**

1.Колку средства СОУ „М.М.Брицо“-Делчево има потрошено по основ на репрезентации за декември 2023 и јануари 2024 и бараме да ни бидат доставени оригинал фактури за овие два месеци?

Сашко Ивановски, до градоначалникот

1. Колку барања за ослободување од такса за јавно осветлување се поднесени во 2023 година, на колку е одговорено  и колку баратели се ослободени од такса за улично осветчување кое се наплаќа и покрај тоа што Советот има донесено две одлуки за ослободување од јавно осветлување?

**Зекир Абдулов** рече дека оваа точка-Прашања и предлози меѓи не треба и да постои бидејќо советниците поставуваат прашања, а на истите нема одговор од страна на градоначалникот и администрацијата. Конкретно тој истакна дека има поставено многу прашања од  разни области, но нема добиено одговор и како пример го посочи прашањето (поставено 3 пати) за осветлување, односно улична светилка на ул. „В.С.Бато“ на потегот кај Текето. Имено, луѓето плаќаат улично осветлување, а речиси цела 1 година, тој дел од улицата е во мрак, нема улична светилка. Исто така нема ниту одговор на службените телефонски повици кои тој како советник ги упатувал до градоначалникот и затоа смета дека нема смисла да се поставуваат прашања на кои никој не сака да даде одговор.

**Осумнаесетта точка-Предлог-Одлука за престанок на мандат на член на Советот на Општина Делчево.**

Во врска со оваа точка претседателот на Советот, Гоце Попов и претседател на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања, рече дека до него е доставена изјава од страна на советниот Закир Абдулов дека дава оставка на функцијата –член на Советот на Општина Делчево од лични причини. Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања, непосредно пред седницата, имала своја седница, ја разгледала доставената Изјава/Оставка и му предлага на Советот на Општина Делчево да ја донесе оваа одлука.

Исто така тој му се заблагодари на советниот Зекир Абдулов за неговото учество и придонес во работата на Советот на Општина Делчево.

Тој отвори расправа по оваа точка.

За збор с ејави Зекир Абдулов кој истакна дека му било чест и задоволство да работи со овој мандат на Советот на Општина Делчево, но поради вработување во друга институција има судир на интереси и затоа поднел Оставка на функцијата член на Советот на Општина Делчево.

Кирил Тренчевски-координатор на СДСМ и коалицијата му се заблагодари на З.Абдулов за неговото учество во работата на Советот, неговиот личен ангажман и придонес.

Претседателот ја затвори расправата по оваа точка и и истата беше ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА“ и 1 „ВОЗДРЖАН“Одлуката беше донесена.

Со исцрпувањето на дневниот ред за 31.седница, Советот на Општина Делчево заврши со работа во 12.30 часот.

Записникот го водела
Снежана Трајкова

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател,
Гоце Попов